УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“, СКОПЈЕ

# СЛОВАТА И СЛОВОТО

## Зборник на трудови од Третиот Светиклиментов научен собир (2019)

СЛОВАТА И СЛОВОТО
Зборник на трудови од Третиот
Светиклиментов научен собир (2019)

*Издавач*:
Православен богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ – Скопје

*Главен уредник:*
Ѓоко Ѓорѓевски

*Технички уредник:*
Милан Ѓорѓевиќ, ереј

*Лектура и компјутерска подготовка:*
Зорица Велкова

*Дизајн на корица:*
игумен Агатон Апостоловски

*Печат:*
Контура – Скопје

*Тираж:*
100 примероци

# СЛОВАТА И СЛОВОТО

Зборник на трудови од Третиот
Светиклиментов научен собир
(2019)

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

271.2(062)

СЛОВАТА и словото : Зборник на трудови од Третиот Светиклиментов научен собир (2019) / [главен уредник Ѓоко Ѓорѓевски]. - Скопје : Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“, 2020. - 243 стр. ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон одделни трудови

ISBN 978-9989-743-30-6

а) Православие -- Собири

COBISS.MK-ID 52559621

271.2-726.3:37.014”18”

Милан Ѓорѓевиќ

# ЗА ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО И СВЕТОСТА НА ПРЕПОДОБЕН КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ

Темелот на просветителскиот дискурс на преподобен Кирил Пејчиновиќ е православното богословско предание. Неговата конечна цел и смисла не е ниту описменувањето само по себе, ниту борбата против суеверието сама по себе, ниту моралот сам по себе, туку – заедницата на човекот со Бога. Отец Кирил го користи литургискиот метод на богословствување, особено карактеристичен за македонското византиско-словенско теолошко предание. Всушност, сите цитати што тој ги користи во неговите списи се земени или од Светото писмо или од црковните богослуженија.

Словото, односно поуката, според отец Кирил, има функција да нè научи како да се подготвиме за светата тајна Евхаристија. Притоа, тој ја нагласува органската врска меѓу поимите „слово“ и „светлина“, до крај останувајќи му верен на библискиот контекст од првата глава на Евангелието според Јован, каде тие се користат како Божествени имиња за втората ипостас на Света Троица. Вака поставено, просветителството на прво место подразбира средба – средба со самата Светлина на светот, разбрана во сета своја ипостасна полнота како Слово Божјо. Тој природно ја подразбира едноипостасноста на Светлината и Словото. Единствено преку таа едноипостасност може да се проникне во смислата на науката и просветителството и нивната онтолошка поврзаност. Затоа, наведувајќи ги богомудрите зборови на светиот евангелист Јован Богослов: „Елици пријаша Его, даде им власт чадом Божиим бити, елици од Бога родишасја, а не от плоти и крви и похоти“ (Јован 1,12-13), последните зборови ги објаснува: „сиреч (односно) научених од духовних, а не од плотских... (и заклучува) – и зато треба да

послушамо слово Божие“[1]. Тајната на раѓањето за вечен живот, т.е. Боговосинувањето, за него е реализирана во познанието на Словото Божјо – во теологијата, односно богословењето – словењето за Бога.

Отец Кирил е богослов произлезен од Литургијата, тој сведочи за Царството Божјо, како оној кој го вкусил, постојано го вкусува и живее за него и само за него. Затоа, тој е типичен претставник на изворното македонско теолошко предание, карактеристично по „отсуството на схоластика, живото богомислие создавано во аскетската практика и литургиско-поетскиот модел на теологизирање“[2]. Неговото изложување на Светата евхаристија има карактер на расправа – против крвната жртва (курбанот), непричестувањето, недостојното причестување и суеверието. Но тој не се задржува премногу на критиката – тој ја користи само за да стигне до целта, автентичното православно предание. На тој начин неговата критика има секундарно значење – се користи со неа за да го потенцира контрастот помеѓу правоверието и суеверието, помеѓу светлината и темнината.

Тој маестрално го користи говорниот јазик, вклучувајќи ги тука и турцизмите, па користи дури и чисто исламски религиски термини (ишала, курбан итн.), кои ги става во контекст на православното богословие и во потполност го асимилира нивното првобитно значење. Токму поради тоа, тој неговиот ракопис „Утешение грешним“ е првобитно цензуриран и одбиен за печатење. Но, она што му било припишано како слабост всушност била неговата најголема сила: имено, со применувањето на овој метод отец Кирил наликува на големите отци еклектичари од IV век, кои божествените вистини ги искажувале во голема мера користејќи се со јазикот на многубожечката, нехристијанска мисла, семантички испитувајќи го и прочистувајќи го низ ситото на автентичното црковно предание.

Литургискиот принос е основната тема во контекст на расправата за крвната жртва. „Во наша вера, вели отец Кирил, најголем *курбан* леб и вино и литургија“[3]. Но за да стигне до ваквото преобразено значење на терминот „курбан“, отец Кирил ги исклучува сите негови хетеродоксни семантички елементи. Затоа на почетокот на расправа-

---

[1] Кирил Пејчиновиќ, *Собрани текстови*, Македонска книга, Скопје 1974, стр. 19.

[2] Стефан Санџакоски, *Покрови на преданието*, Три, 2001, стр. 72.

[3] Кирил Пејчиновиќ, *Собрани текстови*, Македонска книга, Скопје 1974, стр. 35.

та прецизно ги разграничува поимите, укажувајќи: „Курбан остана од Авраама, а просфор и вино остана од Мелхиседека“[4]. Тој го гледа принесувањето во контекст на самиот чин на евхаристијата. Но, тој го прави тоа и во контекст на „литургијата по Литургијата“[5] – во смисла на подготовка за достојно учествување во чинот: „Курбан пријатен Богу, дух строшен и сердце строшено и смирено, да отнесеш пред Бога, тоа љубит Бог а ништо друго, никакви курбани, никакви закони. Во наша вера најголем курбан леб и вино и литургија. Ама и литургијата со пизма (непријателство), со фодулско (гордо) срдце, без дух строшен без строшно срдце и без смирение, не ја примат Христос Бог. Затоа велит поп и во литургиа викат: ’вонмем свјатое возношение во мирје приносити‘“[6].

Тој знае дека лебот и виното се икона на светот кој човекот како свештеник Му го принесува на Отецот и знае дека без вистинско, потполно себепринесување човекот лицемерно и лажно стои пред Бога[7]. Смирението, духот строшен, е првиот чекор кон заедницата со Бога. Како што гордоста, „фодулското срце“, е почеток на гревот, така и почетокот на подвигот се состои токму во добродетелта на смирението. Имено, преку смирението станува можно вистинското самоиспитување: „да истражиме себе, какви сме, дали сме достојни за причесна или не сме“[8], дали сме во мир со Бога и со ближните или не сме.

Всушност, основниот услов за пристапување кон светиот путир е содржан во нашиот личен однос кон Христа, бидејќи од овој однос произлегуваат сите односи, па и оние со ближните. Отец Кирил притоа на еден остар, но отрезнувачки начин го карактеризира човекот, кој недостојно пристапува кон причестувањето со Христовите таин-

[4] Исто, стр. 23.

[5] Anastasios Yannoulatos, Mission in Christ's Way, Holy Cross Orthodox Press, Brookline MA 2010, p. 131, 95; Alexander Schmemann, *Church, World, Mission: Reflections on Orthodoxy in the West*, St. Vladimir's Seminary Press, Crestwood, NY 1979, p. 49; Ion Bria, *The Liturgy After the Liturgy: Mission and Witness from an Orthodox Perspective*, WCC Publications, Geneva 1996, p. 28.

[6] Кирил Пејчиновиќ, *Собрани текстови*, Македонска книга, Скопје 1974, стр. 35.

[7] Cf. Alexander Schmemann, “The Sacrament of the Offering”, in: *Eucharist*, SVS Press, Crestwood NY 1988, p. 101-132.

[8] Кирил Пејчиновиќ, *Собрани текстови*, Македонска книга, Скопје 1974, стр. 35.

ства, како „оној кој не есапит тело Христово“[9]. Оној, кому не му е грижа за Христа и не го возљубил со сето свое битие – тој не е достоен да се причести со Неговото тело и крв.

Евхаристијата е искачување во Царстовото Божјо – крајната дестинација на патешествието на Црквата во светот – и негово предвкусување уште во историското време. Неудостоениот за причест не го вкусува Царството ниту во овој живот, во Светата литургија, ниту, пак, во вечноста – во тоа и се состои неговата осуда. Затоа, изедначувајќи ги неподготвените со безбожниците, отец Кирил предупредува дека Бог „во царство Његово, во хубавиња Његова, не ги пуштат зашто не сат достојни“[10].

Од друга страна, отец Кирил го критикува упорното непричестување, односно несакањето на луѓето да учествуваат во таинството на Царството. „Ама зошто неќет? – прашува тој – Или од незнаење колку силу имает свјатое причаштение и какво оружие ест на дјавола и какво оставление грехов бивает и какво соединение с Богом и какво освјаштение чак и обожение – или от дјавола прелштен да неќет харно токо лошото“?[11] Во овој исказ се состои српжта на просветителскиот модел на отец Кирил Пејчиновиќ. Просветувањето е содржано во „освјаштението“ низ „причаштението“ со Богочовекот, односно во „обожението“. Во таа смисла, валидна е аскетската максима на преподобен Јустин Поповиќ која гласи: „единствено светителот е вистински просветител“[12]. Имено, просветителството секогаш подразбира светост, која, пак, се реализира во сета своја полнота единствено во Богочовекот: „Светоста е истовремено и просвета, просветување со вечната Светлина. Оттука, светителството е единственото вистинско просветителство, а светителот, како целовита личност, преобразена и препородена со вечното Знаење и вечно живата Вистина – единствениот вистински просветител“[13].

---

[9] Исто.

[10] Исто, стр. 36

[11] Исто, стр. 31

[12] Јустин Поповић, *Православна Црква и екуменизам*, Манастир Хиландар, Света Гора Атонска 1995, стр. 112

[13] Амфилохије Радовић, „Светост – мјера људског достојанства“, во *Враћање душе у чистоту – бесједе, разговори, погледи*, објавено на: https://bit.ly/2YnXZTh (21.08.2020).

Кирил Пејчиновиќ е доследен на завештанието на свети Климент Охридски, патронот на нашата помесна Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија, затоа што и кај него, како и кај свети Климента, во „освјаштението“ се содржи суштината на просветитлското дејствување[14]. Светоста, како состојба на богопознание и богоопштење, т.е. како совршена состојба на човечко постоење, е воедно и негов извор и смисла. На тој начин, просветителството претставува *сведоштво* на светот *за Светлината – μαρτυρία περὶ τοῦ φοτός* (Јован 1,7) – за боговидението, за учеството во евхаристиското созерцание на „тивката Светлина на светата слава на Отецот“ (Вечерна богослужба). Тоа во себе ги вклучува сите сегменти на земниот живот, но поставени во таков ред (τάξις) што во нивниот центар секогаш се наоѓа светиот путир. На тој начин, на Кириловото просветитлество нема нешто што му недостасува – ги содржи писменоста, науката, моралот, борбата против суеверието – но сето тоа осмислено од Словото Божјо.

Конечно, зошто прашањето за светоста на игуменот Кирил Лешочки е важно денес. На светителот не му е потребно нашето признигање – тој е признаен и препознаен од Христа Господа. Ништо повеќе од тоа не му е потребно. Оној кој има потреба да биде признаен и препознаен не е тој, туку ние: ние сме оние што треба да се измериме себеси со личноста на светителот; што треба да ја примиме светлината на просветителот; што треба да го внедриме во себе словото на богословот – за да бидеме од Бога пропазнаени како негови. Светителот е икона на Христа, а оние што ја препознале светоста на светителот ќе може да се огледаат од неа како во – огледало. Ќе можат да ги видат своите несовршености, недостатоци, страсти и промашувања. Ќе можат да си зададат цели во животот и да тргнат по патот кој им доликува на богомудрите и богољубивите. Во спротивно, ни претстои разнебитување – не заради тоа што ни треба некаква религиозна идеологија, туку заради тоа што ни е насушно потребен изворот на живата вода на *богословието*, во која мудроста и љубовта не само што се „едно нешто“, туку се и „една Личност“ во која целокупната човечка мудрост и љубов добиваат смисла. Ете, заради тоа нѝ е потребен – имено *нам* ни е потребен – преподобниот Кирил Лешочки како архетип, како педагог, како молитвен застапник пред троединиот Бог кому му приличи слава, чест и поклонение во сите векови.

[14] Сп. Отец Јован Таковски, *Просвештението во теологијата на свети Климент Охридски*, Скопје 2006.

## СОДРЖИНА

ВОВЕДНИ ЗБОРОВИ ........................................................................ 5

Венко Андоновски
ЗОШТО НАУКАТА НУЖНО ВОДИ КОН БОГА ................................ 7

Ѓоко Ѓорѓевски
БОЖЈИОТ ЗБОР ВО СТАРИОТ ЗАВЕТ ........................................ 21

Ратомир Грозданоски
ВО ПОЧЕТОКОТ БЕШЕ СЛОВОТО ............................................ 29

Цане Т. Мојаноски
ВЕРСКИОТ ФУНДАМЕНТАЛИЗАМ И ПОЛИТИЧКИОТ
ЕКСТРЕМИЗАМ – СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ ............................ 55

Марија Гиревска
ХРИСТИЈАНСКАТА КУЛТУРА КАКО ИЗВОР
НА РЕАЛНОСТА ВО ЕВРОПСКАТА КНИЖЕВНОСТ .................. 87

Катица Ќулавкова
СТАРОСЛОВЕНСКАТА АЗБУЧНА ДРАМА И ЕДЕН НОВ
МАКЕДОНСКИ ПРЕПЕВ НА „АЗБУЧНАТА МОЛИТВА“
НА КОНСТАНТИН ПРЕЗВИТЕР ................................................. 95

Димитри Кумбароски
ЗА ДУХОВНИТЕ И СЕТИЛНИТЕ АСПЕКТИ
НА ЦРКОВНАТА МУЗИКА ......................................................... 119

Виктор Недески
„ЕДНАТА ВОПЛОТЕНА ПРИРОДА НА БОГА СЛОВОТО“
– ОД АПОЛИНАРИЈ ЛАОДИКИСКИ
ДО СВЕТИ КИРИЛ АЛЕКСАНДРИСКИ .................................... 127

Калистрат Санџакоски
ИДЕЈАТА ЗА УБИСТВО КАКО ФИКСАЦИЈА И ПСИХОЗА ......... 141

Емилија Црвенковска
МНОГУЗНАЧНОСТА НА ЛЕКСЕМАТА СЛОВО
ВО ЦРКОВНОСЛОВЕНСКАТА ТРАДИЦИЈА ............................ 155

Бобан Карапејовски
Марија Пандева
ЗА НЕКОИ ОСОБЕНОСТИ НА ЈАЗИКОТ
НА КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ ......................................................... 161

Милан Ѓорѓевиќ
ЗА ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО И СВЕТОСТА
НА ПРЕПОДОБЕН КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ ................................ 173

Емил Ниами
ДОМОСТРОЈ: ПРАВИЛАТА И НОРМИТЕ
НА СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ ВО РУСИЈА ...................................... 179

Кирче Трајанов
ДИЈАЛОШКИОТ КАРАКТЕР НА ЦРКОВНАТА ПРОПОВЕД ..... 189

Анета Јовковска
БОЖЈОТО СЛОВО – ОСНОВА НА ПРАВОСЛАВНАТА
ХРИСТИЈАНСКА ПЕДАГОГИЈА КАКО НАУКА ........................ 197

Илче Мицевски-Игнат
ЧОВЕКОВИОТ УМ И НЕГОВАТА РЕАЛНОСТ
– КОНВЕРГЕНЦИИ И ДИВЕРГЕНЦИИ
ПОМЕЃУ НЕВРОНАУКИТЕ И ЦРКОВНИТЕ ОТЦИ .................. 209

Стефан Гоговски
СЛОВОТО БОЖЈО И СВЕТОТО ПИСМО.
БОГОСЛОВИЕТО КАКО ПАТ
КОН ОХРИСТОВУВАЊЕ НА ЧОВЕКОТ .................................... 225

СЛОВАТА И СЛОВОТО
Зборник на трудови од Третиот
Светиклиментов научен собир (2019)

*Издавач*:
Православен богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ – Скопје

Печатница:
Контура, Скопје

Тираж:
100 примероци